СПРЕЧУВАЊЕ И
БОРБА ПРОТИВ СЕКСИЗМОТ

Препорака CM / Rec (2019) 1

усвоена од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа

27 март 2019 година

Совет на Европа

Препорака
CM / Rec (2019) 1[1]

(Усвоена од Комитетот на министри на 27 март 2019 година

на 1342-от состанок на замениците-министри)

Комитетот на министри, во согласност со условите предвидени во член 15.б од Статутот на Советот на Европа,

Повикувајќи се на тоа дека родовата еднаквост е од централно значење за заштитата на човековите права, функционирањето на демократијата и доброто владеење, почитувањето на владеењето на правото и промовирањето на благосостојбата за сите, што подразбира еднакви права за жените и мажите, девојките и момчињата, како и истата видливост, зајакнување, одговорност и учество во сите сфери на јавниот и приватниот живот и дека подразбира еднаков пристап и дистрибуција на ресурси меѓу жените и мажите, како што е утврдено во Стратегијата за родова еднаквост на Советот на Европа 2018 -2023;

Повикувајќи се на тоа дека дискриминацијата врз основа на пол и / или род претставува кршење на човековите права и пречка за уживање на човековите права и основни слободи, како што признава Комитетот на Обединетите нации за елиминација на дискриминацијата врз жените во неговата Општа препорака бр. 28 за основните обврски на државите членки во согласност со член 2 од Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените;

Повикувајќи се на тоа дека сексизмот е манифестирање на историски нееднакви односи на моќ меѓу жените и мажите, што води кон дискриминација и го спречува целосното унапредување на жените во општеството;

Истакнувајќи дека сексизмот е широко распространет и застапен во сите сектори и сите општества;

Потврдувајќи дека сексизмот е зајакнат со родовите стереотипи коишто влијаат врз жените и мажите, девојките и момчиња, и е во спротивност со постигнувањето на родовата еднаквост и инклузивните општества;

Истакнувајќи дека сексизмот претставува пречка за јакнење на жените и девојките, кои се непропорционално под влијание на сексистичкото однесување; и понатаму да се напомене дека

---

[1]Со усвојувањето на оваа препорака и со примената на член 10.2c од Деловникот за работа на седниците на замениците-министри, претставникот на Руската Федерација го задржува правото на неговата влада да се усогласат или не со Препораката, особено ставот 3 во Преамбулата, отфрлајќи ја употребата на терминот „пол“ со оглед на тоа дека руското законодавство не го содржи концептот на „род“, и со оглед на фактот дека не постои општо прифатена дефиниција за поимот "род" на меѓународно ниво. Исто така, Руската федерација смета дека интерсексуалните и транс лицата не спаѓаат во рамките на доменот на Препораката.

родовите стереотипи и својствените предрасуди ги обликуваат нормите, однесувањето и очекувањата на мажите и момчињата, и тоа доведува до сексистички акти;

Загрижени дека сексизмот е поврзан со насилството врз жените и девојките, при што делата на „секојдневен“ сексизам се дел од континуитетот на насилство создавајќи атмосфера на заплашување, страв, дискриминација, исклученост и несигурност со што се ограничуваат можностите и слободата;

Истакнувајќи дека жените и девојките можат да бидат предмет на повеќекратни и испреплетени форми на дискриминација и може да се соочат со сексизам во комбинација со други норми или однесување кои се дискриминаторски, со омраза или штетни;

Свесни дека сексизмот и сексистичкото однесување се извршуваат на поединечни, институционални и структурни нивоа и искусни со штетен ефект на сите три нивоа и дека мерките за спречување и борба против сексизмот треба да се преземат на сите нивоа;

Повикувајќи се на Конвенцијата на Обединетите нации од 1979 година за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените (CEDAW), којашто налага државите членки да ги преземат сите соодветни мерки „за да ги изменат социјалните и културните обрасци на однесување на мажите и жените, со цел обезбедување и отстранување на предрасудите и вообичаената и секоја друга практика заснована врз идејата за инфериорноста или супериорноста на едниот или другиот пол или традиционалните улоги на мажите и на жените“;

Имајќи ги предвид целите поставени во Пекиншката декларација и Платформата за активности усвоени на четвртата Светска конференција за жени на Обединетите нации (1995 година), а особено Извештајот на Регионалниот состанок во Пекинг + 20 Регионален состанок за преглед во Европа, организиран од страна на Економската комисија за Европа на Обединетите Нации во 2014 година, во која беше наведено дека „дискриминаторските стереотипи остануваат широко распространети и влијаат врз образованието и учеството на жените во економијата и во јавниот живот";

Имајќи ја предвид Агендата за одржлив развој на Обединетите нации од 2030 година, вклучувајќи ја долгорочната цел бр. 5 за одржлив развој („Постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојки"), Цел 16 за одржлив развој („Промовирање мирни и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и изградба на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа“) и Цел 4 за одржлив развој („Обезбедување инклузивно и правично квалитетно образование и промовирање можности за доживотно учење за сите"), кои што се од универзална примена;

Земајќи ја предвид Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето (1989) и нејзината забрана за дискриминација врз основа на полот на детето или на неговиот или нејзиниот родител или врз основа на полот на законскиот застапник;

Повикувајќи се на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (ЕТС бр. 5) и нејзината забрана за дискриминација во уживањето на човековите права;

Повикувајќи се на тоа дека борбата против родовите стереотипи и сексизмот и обезбедувањето интеграција на перспективата за родова еднаквост во сите политики и мерки се приоритетни цели во документите и препораките на Советот на Европа за родова еднаквост;

Повикувајќи се на тоа дека Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (CETS бр. 210, Истанбулска конвенција) налага

страните „да промовираат промени во социјалните и културните модели на однесување на жените и мажите со цел искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и сите други практики кои се засноваат на идејата за инфериорност на жените или стереотипните улоги на жените и мажите" и дека Истанбулската конвенција, исто така, налага страните да го прогласат за противзаконско скришното следење и да ги преземат неопходните мерки за да обезбедат дека сексуалното вознемирување е предмет на кривични или други правни санкции;

Земајќи ја предвид Европската социјална повелба (ETS бр. 35, ETS бр. 163 [ревидирана]) и нејзините одредби за еднакви можности, недискриминација и право на достоинство на работното место;

Повикувајќи се на тоа дека Европскиот суд за човекови права во својата судска пракса повтори дека унапредувањето на родовата еднаквост денес е главна цел во земјите-членки на Советот на Европа и дека упатувањето на традициите, општите претпоставки или превладувачките социјални ставови се недоволни за да се оправда третманот врз основа на полот. Понатаму, Судот посочи дека родовите стереотипи, како што е перцепцијата на жените како примарни згрижувачи на деца и мажите како примарни носители на семејства, не можат сами по себе да ја оправдаат разликата во третманот;

Повикувајќи се на следните препораки на Комитетот на министри до земјите-членки: CM / Rec (2007) 13 за вклучување на родовите аспекти во главните политики во образованието; CM / Rec (2007) 17 за стандардите и механизмите за родова еднаквост; CM / Rec (2013) 1 за родова еднаквост и медиуми; и CM / Rec (2017) 9 за родова еднаквост во аудиовизуелниот сектор;

Осврнувајќи се на Генералната препорака бр.15 за борба против говор на омраза, усвоена од Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН) во декември 2015 година, којашто вклучува сексистички говор на омраза;

Земајќи ја предвид Стратегијата на Советот на Европа за правата на детето (2016-2021), којашто ја нагласува потребата за борба против дискриминација и насилство, особено против сексуалното насилство и потребата да се промовира еднаквоста меѓу девојчињата и момчињата, вклучувајќи, континуирано справување со стереотипи, сексизам и прекумерната сексуализација, особено во медиумите и образованието;

Земајќи ја предвид Стратегијата на Советот на Европа за управувањето со интернетот 2016-2019 и повикот за следење на активностите за заштита на секого, особено жените и децата, од онлајн злоупотреби, вклучувајќи го сајбер скришното следење, сексизмот и заканите од сексуално насилство;

Повикувајќи се на Резолуциите 2119 (2016), 2144 (2017) и 2177 (2017) на Парламентарното собрание на Советот на Европа, соодветно на темата „Борба против прекумерната сексуализација на децата", „Искоренување на сајбер дискриминацијата и онлајн омразата" и „Ставање крај на сексуалното насилство и вознемирувањето на жените во јавниот простор";

Истакнувајќи ги резултатите од спроведувањето на горенаведените инструменти и документи на меѓународно, национално, регионално и локално ниво, вклучувајќи ги и достигнувањата и предизвиците;

Свесни дека, и покрај постоењето на стандарди на меѓународно, национално и регионално ниво кои го гарантираат принципот на родова еднаквост, меѓу стандардите и праксата сè уште постои јаз меѓу де јуре и де факто родовата еднаквост;

Признавајќи дека распространетоста на различните манифестации на сексизам е тесно поврзана со постојаните тешкотии во постигнувањето родова рамноправност и желбата да се справи со сексизмот како критична причина и последица на родовата нееднаквост;

Истакнувајќи го недостигот на меѓународно договорена и усогласена дефиниција за „сексизам“ и недостиг од постоење посветен правен инструмент за негово решавање;

Стремејќи се кон создавање Европа без сексизам и неговите манифестации и облици,

Се препорачува владите на земјите-членки:

1. Да преземат мерки за спречување и борба против сексизмот и неговите манифестации и облици во јавната и приватната сфера и да се охрабрат релевантните засегнати страни да имплементираат соодветни закони, политики и програми, истакнувајќи ка дефиницијата и упатствата приложени кон оваа Препорака;
2. Да го следат напредокот во спроведувањето на оваа Препорака и информирањето на надлежните тела на Советот на Европа за преземените мерки и за постигнатиот напредок во оваа област;
3. Да обезбедат дека оваа Препорака, вклучувајќи го и нејзиниот Прилог, е преведена и доставена (во достапни формати) до релевантните органи и засегнатите страни.

Прилог кон Препораката CM/Rec(2019)1

Насоки за спречување и борба против сексизмот: мерки за имплементација

Дефиниција

За целите на оваа Препорака, сексизмот претставува:

Секој акт, гест, визуелна репрезентација, говорни или пишани зборови, пракса или однесување засновано на идејата дека некое лице или група на лица е инфериорно во однос на нивниот пол, коешто се јавува во јавната или приватната сфера, без разлика дали е онлајн или офлајн, со цел или влијание врз:

i. кршење на својственото достоинство или права на некое лице или група лица; или
ii. што резултира со физичка, сексуална, психолошка или социо-економска штета или страдање на лице или група на лица; или
iii. создавање заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина; или
iv. содржи пречка за автономна и целосна реализација на човековите права од страна на лице или група лица; или
v. одржување и зајакнување на родовите стереотипи.[2]

Контекст

Потребата за справување со сексизмот, сексистичките норми, однесувањето и сексистичкиот говор е имплицитна во голем број меѓународни и регионални инструменти. И Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (CETS No. 210, Истанбулска конвенција) и Конвенцијата на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) препознаваат континуум помеѓу родовите стереотипи, родовата нееднаквост, сексизмот и насилството врз жените и девојките. На овој начин, актите на „секојдневниот“ сексизам во форма на очигледно несакани или минорни сексуални однесувања, коментари и шеги се наоѓаат на едниот крај на континуумот. Сепак, овие дела честопати се понижувачки и придонесуваат кон социјалната клима каде што жените се понижени, нивното самопочитување е намалено и нивните активности и избори се ограничени, вклучително и во работата, приватната, јавната или онлајн сферата. Сексистичкото однесување, како такво, особено, сексистичкиот говор на омраза, може да ескалира или поттикнува навредливи и заканувачки дејства, вклучувајќи сексуална злоупотреба или насилство, силување или потенцијално смртоносен чин. Други последици може да вклучуваат губење ресурси, самоповредување или самоубиство. Со ова справувањето со сексизмот е дел од позитивната обврска на државата да ги гарантира човековите права, родовата еднаквост и да го спречи насилството врз жените и девојките во согласност со меѓународното право за човекови права и, за државите членки, Истанбулската конвенција.

---

[2] "Родовите стереотипи се претходно зацртани социјални и културни модели или идеи со кои на жените и мажите им се доделуваат карактеристиките и улоги кои се утврдени и ограничени според нивниот пол. Родовата стереотипизација претставува сериозна пречка за постигнување вистинска родова еднаквост и се надополнува со родова дискриминација. Ваквата стереотипизација може да го ограничи развојот на природните таленти и способности на девојчињата и момчињата, жените и мажите, нивните образовни и професионални преференции и искуства, како и животните можности воопшто". (Стратегија на Советот на Европа за родова еднаквост 2018-2023 Стратешка цел бр. 1)

Сексизмот и сексистичкото однесување резултираат во физичка, сексуална, психолошка или социоекономска штета и различно влијание врз различните сектори на населението. Жените и девојчињата се несразмерно под влијание на таквото однесување. Сексуализмот и сексистичкото однесување претставуваат пречка за зајакнување и унапредување на жените и девојките; елиминирањето на сексизмот и сексистичкото однесување ќе биде од корист за сите: жените, девојките, мажите и момчињата.

Сексизмот и сексистички однесување се појавуваат низ целиот спектар на човековата активност, вклучително и во сајбер-просторот (интернетот и социјалните медиуми). Тие може да се доживеат индивидуално или колективно од страна на лице или група на лица, дури и ако ниту поединецот, ниту една група не биле директно таргетирани, на пример, преку сексистичко рекламирање, или објавување слики од голи жени на работното место. Трите нивоа за одржување и доживување сексизам се: индивидуално, институционално (на пример, во семејството, во работната или образовната средина), и структурно (на пример, преку општествената родова нееднаквост, социјалните норми и однесувањето). Сексизмот е затаен кога поединци и групи не успеваат да пријават или да се пожалат за сексистичко однесување поради страв дека нема да бидат сфатени сериозно, дека ќе бидат отфрлени или дури и одговорни.

Интернетот обезбеди нова димензија за изразување и пренесување на сексизмот, особено на сексистичкиот говор на омраза, пред поголем аудиториум, иако корените на сексизмот не лежат во технологијата, туку во постојаните родови нееднаквости. Дополнително, социјалните феномени како што се #МеТоо кампањата и серијата активности и мерки во склоп на политиките што ги предизвика во различни делови на светот (од 2017 година па наваму), вклучително и во земјите-членки на Советот на Европа, помогнаа да се расветли сеприсутноста на сексизмот и потребата од посилни мерки за борба и превенција против истиот.

Сексизмот и сексистичкото однесување се вкоренети и ги зајакнуваат родовите стереотипи. Европскиот суд за човекови права смета дека „проблемот со стереотипизирање на одредена група во општеството лежи во фактот што тој ја забранува индивидуалната проценка на нивниот капацитет и потребите“[3]. Родовите стереотипи ги зајакнуваат нееднаквите социјални структури и негативно влијаат врз распределбата на ресурсите меѓу жените и мажите. Постојаните случаи на родова разлика во платите и пензискиот јаз во земјите-членки се примери кои го докажуваат токму ова. Родовите стереотипи се општествени конструкции на „соодветните“ улоги за жените и мажите, кои се утврдени со културни предрасуди, обичаи, традиции и во многу случаи, толкувања на верски убедувања и практики. Жените кои предизвикуваат или отстапуваат од она што се смета за нивно „правилно“ место во општеството можат да се соочат со сексизам и мизогинија, а мажите кои предизвикуваат доминантни перцепции за машкоста можат да се соочат со сексизам.

Интерсекционалност, ситуациски слабости и отежнувачки околности

Жените и мажите можат да се соочат со различни интерсекционални форми на сексизам, врз основа на голем број други фактори, вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на етничката припадност, малцинството или автохтониот статус, возраста, религијата, статусот на бегалец или мигрант, инвалидитетот, брачниот статус, социјалното потекло, родовиот идентитет, сексуалната ориентација или припадност. Тие можат да бидат во повеќе ранливи ситуации или да бидат таргетирани од страна на различни дејства на сексизам во различни околности и средини, како што се младите жени и жените кои се активни во претежно машки средини, на пример, во

[3] *Carvalho Pinto de Sousa Morals против Португалија*, Барање бр. 17484/15, пресуда од 25 јули 2017 г. Европскиот суд за човекови права, член 46.

бизнисот, финансиите, војската или политиката. Жените кои се на моќни влијателни позиции или имаат авторитет, вклучувајќи ги и јавните личности, исто така, се особено и цели за сексизмот бидејќи се смета дека тие отстапиле од социјалните родови норми кои ги исклучуваат жените од јавните простори или органи. Интерсексуалните и транс лицата исто така, се соочуваат со дополнителни и/или засилени предизвици во однос на сексизмот.

Некои околности можат да придонесат за сериозноста или влијанието на сексистичкото однесување или можат да влијаат врз способноста на жртвата да реагира. Таквите отежнувачки околности постојат кога сексистичките дела или зборовите се одвиваат во хиерархиска или зависно подредена врска, особено во работната средина, во образовното или медицинско опкружување, во рамките на (јавните) служби или во рамките на трговските релации и односи. Сексизмот е особено штетен кога авторот на истиот е на моќна позиција, има авторитет или влијание, како што е политичарот, креаторот на мислење или бизнис лидерот. Друг отежнувачки фактор е местото каде што досегашниот или потенцијалниот дострел на сексистичките зборови или дела е екстензивен, вклучувајќи ги и средствата за комуникација, употребата на социјалните или доминантните медиуми и степенот на повторување.

I. Општи алатки и мерки за посочување на сексизмот

Примарната цел на мерките за спречување и борба против сексизмот е да предизвикаат промени во однесувањето и културни промени на индивидуално, институционално и структурно ниво.

Алатките за спречување и борба против сексизмот можат да вклучуваат законодавни, извршни, административни, буџетски и регулаторни инструменти, покрај плановите, политиките и програмите. Државите треба да ги изберат алатките што најдобро одговараат на нивниот сопствен контекст и целта на конкретното дејство. Потребни се разни алатки за да се посочат, од една страна, несвесната пристрасност и, од друга страна, намерното сексистичко однесување. Првото може да се реши преку подигнување на свеста, обука и едукација, додека потребни се посилни мерки за да се елиминира намерното и упорно сексуално однесување и сексистичкиот говор на омраза. Законодавство коешто посочува на сексизмот, вклучувајќи и дефиниции; упатство за користење; и индикација за начините на реинтеграција и враќање на жртвите во добра состојба, како и за ризиците и последиците за сторителите, се важни опции што треба да се разгледаат.[4]

Државите треба да се повикаат на постојните алатки и да обезбедат нивно ефективно спроведување или да направат нови алатки за превенција и заштита од сексуално однесување, каде што е соодветно, да ги гонат и да ги казнуваат сторителите и да обезбедат репарација на жртвите.

Владите на земјите-членки се повикуваат да ги разгледаат следните мерки за поддршка на спроведувањето на оваа Препорака.

I.A. Законодавство и политики

I.A.1. Разгледајте ја законодавна реформа која го осудува сексизмот и која го дефинира и го прогласува за противзаконски сексистичкиот говор на омраза.

[4] На пример, „Anti-Sexisme - Mode d'emploi", Institut pour I'egalite de femmes et des hommes, Belgium, достапен на француски јазик на http://igvm-iefh.belgium.be/sites/default/files/ downloads/79%20-%20Anti-sexisme%20mode%20emploi_FR.pdf.

I.A.2. Вкрстените фактори, разликите меѓу жените, ситуациските ранливост и отежнувачките околности треба да се препознаат и да се земат предвид при насочување на законодавството и политиките кон борба против сексизмот.

I.A.3. Развивање и инвестирање на сеопфатна јавна инфраструктура којашто ќе послужи како платформа за зајакнување на жените и за родова еднаквост и развивање политичка рамка за елиминација на половите и дискриминаторските стереотипи, со насочени цели, таргетирани вредности, временски рокови, индикатори за напредокот и резултатите, како и мониторинг и механизам за евалуација за да се оцени влијанието на преземените чекори.

I.A.4. Поттикнување на учеството на граѓанското општество, особено женските невладини организации, верските лидери и лидерите на заедниците, адвокатските и судиските професионални тела и синдикати, во креирањето на политичките и правните рамки за борба против сексизмот, со цел да се унапреди соработката и да се обезбеди нивниот ангажман во спроведувањето на овие мерки.

I.A.5. Препознавање, поттикнување и поддржување, на сите нивоа, на работата на релевантните граѓански организации, особено женските невладини организации активни во борбата против сексизмот во сите области (особено оние опфатени во Дел III подолу) и воспоставување ефективна соработка со овие организации.

I.A.6. Поттикнување релевантни јавни тела и служби, на пример, правобранителите, комисиите за еднаквост, законодавните собранија, националните институции за човекови права, јавните претпријатија и тела за жалби, да подготват и спроведат кодекси на однесување или насоки за сексизам, во согласност со сеопфатната политика за елиминација на сексизмот, и да обезбедат такви активности со соодветни ресурси.

IA7. Разгледување на назначувањето на тело за родова еднаквост или друга службена институција со одговорност и отчетност за следење и евалуација на политики и мерки за елиминација на сексизмот во јавниот и приватниот живот. Таквото тело треба да има неопходни овластувања и ресурси со цел да ги извршуваат овие задачи.

IA8. Обезбедување соодветни правни лекови за жртвите на сексистичко однесување.

IA9. Спроведување програми за обука на лице место за оние кои работат со жртви и сторители на родово-поврзани и сексуални злосторства.

IA10. Разгледување на воспоставувањето не-кривични казни, на пример повлекување финансиски и други форми на поддршка од јавни тела или други организации кои не успеваат да се ослободат од сексизмот и сексистичкото однесување, особено сексистичкиот говор на омраза.

IB Мерки за подигање на свеста

I.B.1. Поттикнување брзи реакции од страна на јавни личности, особено политичари, религиозни, економски лидери и лидери на заедницата и други кои можат да го обликуваат јавното мислење, со цел да го осудат сексизмот и сексистичкото однесување и позитивно да ги зајакнат вредностите на родовата еднаквост.

I.B.2. Иницирање, поддршка и финансирање на истражувања, вклучително и колаборативно истражување низ земјите-членки, коешто обезбедува систематски и дисагрегирани податоци во однос на возраста за инциденцата и негативното влијание на сексизмот и неговите манифестации, вклучувајќи ги сексуализмот и сексуалното вознемирување на работното место, сексуалниот говор на омраза, целите, сторителите, средствата за комуникација, медиумите и јавната реакција.

Редовно дистрибуирање на таквите податоци до релевантните јавни органи, образовните институции и јавноста.

I.B.3. Распределба на ресурси за финансирање на ефективни кампањи за комуникација и подигнување на јавната свест во однос на поврзаноста помеѓу сексизмот и насилството врз жените девојките и донаторските организации кои ги поддржуваат жртвите.

I.B.4. Дизајнирање, имплементирање и промовирање редовни национални иницијативи за подигање на свеста на сите нивоа преку различни форми на медиуми (на пример, производство на прирачници, упатства, видео клипови достапни на интернет и во главните медиуми, воведување национален ден против сексизам, поставки и инсталации во музеи за прославување на родовата еднаквост и женските права). Овие иницијативи треба да имаат за цел да ја зголемат свеста и разбирањето меѓу општата популација, особено родителите, за различните форми на сексизам, вклучувајќи ги и феномените како што се „mansplaining“[5], за тоа како да се спречат истите и како да се посочат, како и за штетата што ја создаваат кон поединците и општеството, вклучувајќи ги и девојчињата и момчињата.

IB5. Обезбедување проект и имплементација на скроена, постојана едукација и обука за наставниците во сите области и на сите нивоа на образование, вклучувајќи и во другите образовни институции, за персоналот на човечките ресурси во јавниот и приватниот сектор и во професионалните институции за обука (на пример, медиумите, војската, медицинските и правни професионалци и сметководството, менаџментот и бизнис школите) за родовата еднаквост, значењето на родовите стереотипи, како да се препознае и посочи сексизмот, предрасудите и пристрасноста и како да се предизвикаат стереотипите.

I.B.6. Обезбедување оцена на учебниците, материјалите за обука и наставните методи кои ги користат / за учениците од сите возрасни групи и сите форми на образование и обука (почнувајќи од предучилишното образование) за сексистичкиот јазик и родовите стереотипи, и да се ревидираат, со цел да се овозможи активно промовирање на родовата еднаквост.[6]

I.B.7. Промовирање на перспектива за родова еднаквост, како и развој на критичко размислување за справување со сексизмот во содржината, јазикот и илустрациите на играчки, стрипови, книги, телевизија, видео и други игри, онлајн содржини и филмови, вклучувајќи и порнографија, кои ги обликуваат ставовите, однесувањето и идентитетот на девојчињата и момчињата.

I.B.8. Промовирање и спроведување редовни кампањи за подигнување на свеста за изградбата на женскоста и машкоста и што значи да се биде жена / девојка и маж / момче во современото општество, на пример преку медиумите, бесплатните јавни предавања и дискусии.

I.B.9. Поттикнување на соработка помеѓу професионалците (на пример, новинарите, едукаторите, агенциите за спроведување на законот) и организациите на граѓанското општество за да се утврдат и споделат добрите практики за спречување и борба против сексизмот.

I.B.10. Воспоставување структури достапни за сите, особено за младите, за да им се дадат стручни совети за тоа како да се спречат, да се борат и како да се одговори на сексизмот.

---

[5] Mansplain (глагол, неформален): (на маж) кој објаснува нешто на жена на начин кој се смета за осудувачки, попувачки, потценувачки, упростувачки, или на начин во кој говорителот претпоставува дека таа нема познавање на темата.

[6] CEDAW, член 10.в налага отстранување на „секој стереотипен концепт на улогите на мажите и жените на сите нивоа и во сите облици на образование ... особено преку ревизија на учебници и училишни програми и прилагодување на наставните методи“

II. Конкретни алатки и мерки за справување со сексизмот и сексистичкото однесување во целните области

Некои области се особено склони кон акти на сексизам и / или кон специфични форми на сексистичко однесување; поради тоа е од клучно значење да се преземат таргетирани активности за спречување и борба против сексизмот во овие области, во прилог на општо применливи препорачани мерки и алатки наведени во претходниот дел.

II.A. Јазик и комуникација

Јазикот и комуникацијата се основните компоненти на родовата еднаквост и „не смее да се посветуваат на хегемонијата на машкиот модел".[7] Нестереотипната комуникација е добар начин да се едуцира, да се подигне свеста и да се спречи сексистичкото однесување. Таа ги опфаќа елиминирањето на сексистичките изрази, користејќи ги женските и машките или родово неутралните форми на титули при обраќањето кон одредена група, диверзифицирајќи ја застапеноста на жените и мажите и обезбедувајќи еднаквост и во визуелните и другите застапувања.

Владите на земјите-членки се повикуваат да ги разгледаат следните мерки:

II.A.1. Повторно потврдување и спроведување на релевантни постојни препораки на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки, вклучувајќи ја Препораката бр. R (90) 4 за елиминирање на сексизмот од јазикот и Препораката CM / Rec (2007) 17 за стандардите и механизмите за родова рамноправност, што нагласува дека „активностите на земјите-членки мора да бидат насочени кон промоција на употребата на несексистички јазик во сите сектори, особено во јавниот сектор".

II.A.2. Спроведување систематска ревизија на сите закони, регулативи, политики итн. за сексистичкиот јазик и потпирање на родовите стереотипи и претпоставки со цел да се заменат со родово сензитивна терминологија. Добрата практика вклучува подготовка на практични водичи за јазикот и комуникацијата, кои се не-сексистички и без родови стереотипи за употреба во документите на јавната администрација.

II.B. Интернет, социјални медиуми и сексистички говор на омраза на интернетот

Сексизмот на интернет е раширен низ цела Европа, при што жените се несразмерно погодени - особено младите жени и девојки, жени-новинари, политичари, јавни личности и бранители на човековите права на жените. Еден аспект на онлајн сексизмот е негативното коментирање на изразените ставови или мислења. Додека нападите врз мажите почесто се засноваат на нивните професионални ставови или компетенции, поголема е веројатноста жените да бидат предмет на сексуална и сексистичка злоупотреба и навреда, а екстремноста може да се зголемува со анонимноста што ја нуди интернетот. Онлајн нападите не само што влијаат на достоинството на жената, туку исто така можат да ги спречат жените, вклучително и на работното место, да изразуваат мислења и да резултира со нивно исфрлање од интернет просторот, поткопувајќи го правото на слобода на говор и мислење во демократското општество, и ограничувајќи ги нивните професионални можности, но и доведувајќи до зајакнување на родовиот демократски дефицит. Друг аспект е дека дигиталното доба го продлабочува испитувањето на кое се подложени женските тела, говорот и активизмот на жените. Покрај тоа, сексистичката злоупотреба на

[7] Препорака на Комитетот на министри Rec (2003) 3 за подеднакво учество на жените и мажите во политичкиот и јавниот живот, Меморандумот за образложение.

социјалните медиуми - како што е објавувањето на интимен визуелен материјал без согласност на оние што се прикажани - претставува форма на насилство која исто така треба да се посочи.

Интернетот и социјалните медиуми се и двигатели на слободата на изразување и промовирање на родовата еднаквост, но исто така им овозможуваат на сторителите да ги изразуваат своите навредливи мисли и да се вклучуваат во навредливо однесување. Додека расистичкиот говор на омраза е признат како спротивен на европските и меѓународните стандарди за човекови права, истото не секогаш се признава за сексистичкиот или мизогинистички говор на омраза, а актуелните политики и законодавство на сите нивоа не се во можност соодветно да упатат на проблемот. Затоа, државите се охрабруваат да преземат одговорност за борба против говорот на омраза и да се осигураат дека истите правила важат и за сексистичкиот говор на омраза, како оние развиени за расистичкиот говор на омраза особено кога станува збор за употребата на казнените санкции.

Покрај тоа, вештачката интелигенција поставува одредени предизвици во однос на родовата рамноправност и родовите стереотипи. Користењето алгоритми може да се пренесе и да ги зајакне постојните родови стереотипи и тоа може да придонесе за продолжување на сексизмот.

Владите на земјите-членки се повикани да ги разгледаат следните мерки:

II.B.1. Спроведување на законските мерки со кои се дефинираат и криминализираат инцидентите на сексистички говор на омраза и се однесуваат на сите медиуми, како и известување за процедурите и соодветните санкции. Исто така треба да се поттикнат зголемени проактивни постапки за откривање и пријавување на сексистичкиот говор на омраза во однос на сите медиуми, вклучувајќи го и интернетот и новите медиуми.

II.B.2. Воспоставување и промовирање програми (вклучувајќи и софтвер) за деца, млади луѓе, родители и едукатори за да им се помогне да ги советуваат децата во однос на медиумската писменост за безбедно и критично користење на дигиталните медиуми и соодветно дигитално однесување. Ова треба да се направи преку наставните програми на училиштата и преку изготвување прирачници и информативни листови за тоа што претставува сексуалното однесување, несаканото споделување на материјалите на интернет и обезбедување соодветни одговори, вклучувајќи родово сензитивни информации за безбедноста на интернет. Обезбедете широка дисеминација на вакви материјали.

II.B.3. Развој на информативни кампањи и кампањи за подигање на свеста за сексистичката злоупотреба на социјалните медиуми, заканите во интернет просторот и ситуациите со кои се соочуваат децата и младите луѓе (на пример, уцени, изнудувања на пари или несакано поставување на интимни слики) со обезбедување практична помош за тоа како да се спречи и одговори на ваквите ситуации.

II.B.4. Преземање кампањи насочени кон поширокатa јавност за опасностите, можностите, правата и обврските во врска со употребата на новите медиуми.

II.B.5. Воспоставување онлајн ресурси за давање стручни совети за справување со онлајн сексизмот, вклучувајќи и процедури за брзо известување / отстранување штетни или несакани материјали.

II.B.6. Спроведување редовни испитувања и собирање на одделни податоци за полот и возраста за сајбер сексизмот и сајбер насилството и соодветно споделување на резултатите.

II.B.7. Интегрирање на перспективата за родова еднаквост во сите политики, програми и истражувања во врска со вештачката интелигенција за да се избегнат потенцијалните ризици од технологијата за продолжување на сексизмот и родовите стереотипи и да се испита како вештачката интелигенција може да помогне да се затворат родовите разлики и да се елиминира сексизмот. Ова ги вклучува мерките за зголемување на учеството на жените и девојките во областа на информатиката и технологијата како студенти, професионалци и носители на одлуки. Дизајнот на инструментите и алгоритмите управувани од податоци треба да биде фактор во родовата динамика. Треба да се подобри транспарентноста околу овие прашања и да се подигне свеста за потенцијалните родови предрасуди во големите податоци; треба да се понудат решенија за подобрување на одговорноста.

II.C. Медиуми, рекламирање и други комуникациски производи и услуги

Сексизмот во сите медиуми – електронски, печатени, визуелни и аудио, - придонесува кон средина која го толерира и тривијализира "секојдневниот" сексизам. Тој се манифестира преку:

- сексуални, сексуализирани, расистички претстави и објективизација на жени, мажи, девојки и момчиња, вклучително и во рекламирањето, филмовите, телевизијата, видео игрите и порнографскиот материјал;
- навредливо или тривијализирано известување за изгледот на жените, облекувањето и однесувањето наместо балансирана и информирана дискусија за нивните ставови и мислења;
- известување и прикажување на жени и мажи со стереотипни улоги во рамките на семејството и заедницата;
- репродуцирање и криминализирање на родовите стереотипи во поглед на жртвите на родово-базирано насилство;
- неурамнотежена застапеност и недостаток на значајно учество на жените во различни професионални и информативни улоги (експерти, аналитичари), особено во однос на жените од малцинските групи.[8]

Владите на земјите-членки се повикани да ги разгледаат следните мерки:

II.C.1. Донесување закон за забрана на сексизмот во медиумите и поттикнување на контрола и реализација на овие мерки.

II.C.2. Промовирање и вклучувањето на изразите на сексизмот во законите за клевета.

II.C.3. Поттикнување и обезбедување поддршка за учество на информатичката и комуникациската технологија, медиумите и рекламните сектори во изготвувањето, донесувањето и спроведувањето на само-регулаторни политики и механизми за елиминација на сексизмот, вклучувајќи го и сексистичкиот говор на омраза во секој сектор.

II.C.4. Промовирање на улогата на медиумски надзор и промовирање организации во посочувањето на сексизмот.

II.C.5. Заложби за воспоставување институција која ќе биде надлежна за примање, анализирање и разгледување жалби во однос на сексизмот во медиумите и во рекламирањето и ќе има овластување да побара сексистичката содржина или рекламите да се повлечат или изменат.

[8]Погледнете ги наодите и препораките на Советот на Европа од конференцијата за медиуми и сликата на жените (Амстердам, 4-5 јули 2013 година). Погледнете го извештајот од конференцијата на https://rm.coe.int / 1680590fb8.

II.C.6. Поттикнување на надлежните органи, како што се комисиите за родова еднаквост или националните институции за човекови права, да воведат стратегии за образование и обука, како и алатки за новинари и други медиуми и експерти за комуникација за препознавање на сексизмот, за тоа како да се промовираат позитивни и не-стереотипни портрети на жени и мажи во медиумите и во рекламирањето, и за тоа како да се промовира родово-сензитивна комуникација. Овие дополнителни активности треба да бидат соодветно опремени со ресурси.

II.C.7. Поддршка во истражувањето на застапеноста и влијанието на сексистички портрети на жени и девојки во медиумите и во порнографскиот материјал, степенот до кој тие ја влошуваат родовата нееднаквост и насилството врз жените и девојките, а исто така и нивното влијание врз физичкото, сексуалното и психичко здравје на жените. Алоцирање на ресурси за финансирање на ефективна комуникација и кампањи за подигање на свеста за поврзаноста меѓу сексизмот, недостатокот на родовата еднаквост и насилството врз жените и девојките; и промовирање позитивни и не-стереотипни портрети на жени и мажи во медиумите и во рекламирањето.

II.C.8. Поттикнување на еднакво учество на жените и мажите во донесувањето на одлуки и во содржината на медиумски позиции, и воспоставување на бази на податоци за жени експерти за сите тематски области.

II.C.9. Усвојување позитивни мерки за извонредност и лидерство во промовирањето на избалансирана родова застапеност, како што е систем базиран на бодови, кој доделува дополнителни средства за медиумите за производство на родово сензитивни содржини.

II.C.10. Поттикнување на промоцијата на позитивните слики на жените како активни учесници во социјалниот, економскиот и политичкиот живот и позитивните слики на мажи во нетрадиционални улоги како што се негуватели. Обезбедете стимулации или награди за добра пракса, на пример преку јавни финансиски фондови.

II.C.11. Поддршка и промовирање добра практика преку дијалог и развој на мрежи и партнерства помеѓу заинтересираните страни во медиумите за понатамошно борба против сексизмот и родовите стереотипи во секторот.

II.C.12. Поддршка на проекти кои се однесуваат на повеќекратната и интерсективна дискриминација на жените во ранливите ситуации. Воведување стимулации за медиумите да промовираат позитивни слики на жени од етничко малцинство и / или потекло на мигранти.

II.D. Работно место

Сексизмот на работното место има многу форми и е присутен како во јавниот така и во приватниот сектор. Истиот се манифестира преку сексистички коментари и однесување насочено кон вработен или група вработени. Сексизмот на работното место вклучува, меѓу другото, навредливи коментари, објективизација, сексистички хумор или шеги, понижувачки коментари, замолчување или игнорирање на луѓе, незаслужни коментари за начинот на облекување и физичкиот изглед, сексистички јазик на телото, недостаток на почит и машки практики кои ги заплашуваат или

исклучуваат жените и ги фаворизираат мажите.[9] Тоа ги загрозува и попречува еднаквоста и достоинството на работното место.[10]

Сексистичките претпоставки базирани на традиционалните родови улоги можат да резултираат со верувањето дека жените како мајки или потенцијални мајки или згрижувачи се помалку сигурни како колеги и вработени. Спротивно на тоа, може да има непријателство кон мајките кои не остануваат дома или, пак од друга страна, тие можат да бидат исклучени од важни можности за унапредување на нивните кариери и, како последица на тоа, нивните професионални животи стагнираат. Ова придонесува кон стаклениот таван кој ги ограничува можностите за кариерно напредување на жените. Таквите претпоставки, исто така, можат да резултираат со сексистички забелешки кон мажите кои преземаат одговорности и професии поврзани со обезбедување на грижа и нега.

Некои работни средини се особено доминирани од мажи, со висок ризик да негуваат култура на сексизам. Освен тоа, жените кои заземаат раководни позиции или оние кои се сметаат за предизвикувачи на институционалната хиерархија во која доминираат мажите, може особено да бидат предмет на сексизам. Слично на тоа, мажите можат да го доживеат сексизмот во работните средини каде што доминираат жени или поради тоа што се вработени во типично „женска“ професија.

Владите на земјите-членки се повикани да ги разгледаат следните мерки:

II.D.1. Преглед на трудовото законодавство за забрана на сексизам и сексистички дејства на работа и промовирање добри практики како што се анализа на ризик, мерки за ублажување и управување, механизми за жалби, правни лекови за жртви и дисциплинска постапка преку граѓански или административни законски постапки.

II.D.2. Поттикнување и обезбедување поддршка за систематски преглед на правила, политики и прописи во рамките на претпријатијата во јавниот и приватниот сектор во поглед на усвојување соодветни кодекси на однесување кои содржат механизми за жалби и дисциплински мерки во врска со сексизмот и сексистичките акти. Ова треба да вклучува и други форми на сексизам, на пример, во однос на статусот на мигранти или лица со попреченост.

II.D.3. Поттикнување на независните професии, професионалните организации и синдикатите да се вклучат во борбата против сексизмот во рамките на нивните организации, вклучително и во нивните внатрешни правила.

II.D.4. Креирање соодветни алатки и правење на истите широко достапни за борба против сексизмот, вклучувајќи релевантни законски одредби и објаснувања за институционалните придобивки од елиминирањето на сексизмот и примери на сексистички дела и добри практики за елиминација на сексизмот. Работодавачите и раководителите, претставниците на синдикатите и други релевантни лица треба да се потсетат на нивната обврска да го отстранат сексизмот од работното место и на помошта којашто е достапна и им стои на располагање на жртвите.

---

[9] Виш совет за професионална еднаквост помеѓу мажите и жените (2016),„Kit to act against sexism (Алатка за посочување на сексизмот -Three tools for the world of work” (Три алатки за работниот свет) достапни на: https://rm.coe.int/16806fbc1e.

[10] Член 26.2 од Европската социјална повелба (ревидирана) налага страните „да ја промовираат свеста, информациите и спречувањето на повторливи, погрешни или особено негативни и навредливи активности насочени и упатени кон поединечни работници на работното место или се поврзани со работата и да ги преземат сите соодветни мерки за заштита на работниците од овој вид на однесување“.

II.D.5. Поттикнување на посветеноста од највисоко ниво (во јавниот и приватниот сектор) за промоција на институционална култура којашто го отфрла сексизмот во работното место, на пример преку изготвување политики за еднаквост, внатрешни насоки и кампањи за различни форми на сексизам и рушење на стереотипи, зголемување на бројот на жени на раководни позиции во одлучувањето и кршење на стаклениот таван, вклучувајќи и преку привремени специјални мерки како што се цели и квоти.

II.D.6. Поттикнување на посветеност од највисоко ниво (во јавниот и приватниот сектор) за промовирање на свеста, информирање и превенција во однос на сексистичкото однесување и преземање на сите соодветни мерки за заштита на работниците од таквото однесување.

II.E. Јавен сектор

Сексизмот во јавниот сектор и потпирањето на родовите стереотипи може да резултира со одбивање на јавните услуги и нееднаков пристап до ресурси. Во исто време, жените кои работат во јавниот сектор, вклучувајќи ги и оние кои се избрани или членови на органи за донесување одлуки, на сите нивоа, честопати се соочуваат со предизвици во однос на нивното достоинство, легитимитет и авторитет поради сексизам и сексистичко однесување.[11]

Владите на земјите-членки се повикани да ги разгледаат следните мерки:

II.E.1. Вклучување одредби против сексизмот и сексистичкото однесување и јазик во внатрешните кодекси на однесување и прописи, со соодветни санкции за оние кои работат во јавниот сектор, вклучувајќи и избрани собранија.

II.E.2. Поддршка на иницијативи и истраги преземени од страна на пратениците, граѓанските организации, синдикатите и активистите за посочување на сексизмот во јавната сфера.

II.E.3. Промовирање на инклузијата на одредбите за родова еднаквост во применливата правна рамка како добра јавна тендерска / практика за јавни набавки.

II.E.4 Обезбедување обука за вработените во јавниот сектор за важноста на несексистичкото однесување во работата со јавноста, како и со колегите на работното место. Ваквата обука треба да ја вклучува дефиницијата на сексизмот, нејзините различни манифестации, начините за деконструирање на родовите стереотипи и предрасуди и како да одговорат на нив.

II.E.5. Информирање на примателите на јавни услуги за нивните права во однос на несексистичкото однесување преку, на пример, кампањи за подигање на свеста и специфични шеми за известување и пријавување со цел да се идентификуваат и посочат можните проблеми.

II.E.6. Промовирање на зајакнување и спроведување на внатрешни дисциплински мерки за сексизмот во јавниот сектор и во сите одлучувачки и политички тела, на пример, преку намалување или суспендирање на одговорностите и средствата, или преку финансиски казни.

---

[11] На пример, според студијата од 2018 г. од страна на Интерпарламентарната унија и Парламентарното собрание на Советот на Европа, 85% од испитаниците жени-парламентарки страдале од психолошко насилство во парламентот; жените-парламентарки под 40 години е поверојатно дека ќе бидат малтретирани; женскиот парламентарен персонал претрпел многу повеќе сексуално насилство од жените пратеници; и поголемиот дел од парламентите немале механизми за да им овозможат на жените да се проговорат и да се слушне нивниот глас. Интерпарламентарната унија и Советот на Европа на Парламентарното собрание (2018), „Сексизмот, малтретирањето и насилството врз жените во парламентите во Европа", достапно на www.ipu.org/resources/publications/reports/2018-10/ sexism-harassment- and-violence against-women-in-parliaments-in-europe.

II.F. Правосуден сектор

Сексизмот и родовите стереотипи во граѓанската, административната и кривичната правда и системите за спроведување на законот се бариери за спроведување на правдата. Тоа може да резултира носителите на одлуки да донесуваат дезинформирани или дискриминаторски пресуди врз основа на претходно востановени верувања и сопствени предрасуди, наместо врз релевантни факти.[12]

Владите на земјите-членки се повикани да ги разгледаат следните мерки:

II.F.1. Со должно внимание на независноста на судството, обезбедување редовна и соодветна обука за сите судии и магистрати за човекови права и родова еднаквост и за штетата предизвикана од родова пристрасност, родови стереотипи и употребата на сексистички јазик, особено во случаите на насилство против жени и девојки.[13]

II.F.2. Обезбедување на обука за сите вработени со цел спроведување на законот за сексизам, сајберсексизам, говор на сексистичка омраза и насилство врз жените; олеснување на известувањето на полицијата за ваквото однесување; и зајакнување на полициските овластувања да ги искористат и обезбедат доказите за постоење на интернет злоупотреба.

II.F.3. Поттикнување на националните и меѓународните судови и трибунали да бидат отворени за интервенции од трети лица и стручни мислења за непознати теми, како што се сексизмот и родовата стереотипизација.

II.F.4. Осигурување дека системите за пријавување на повреди и пристапот до спроведувањето на законот се безбедни, достапни и соодветни; ублажување на финансиските трошоци или други пречки што ги спречуваат жртвите од пријавување или покренување на судска постапка во соодветниот форум. Преземање чекори за да се одговори на ризикот од ревиктимизација.

II.F.5. Поттикнување правни професионални тела да организираат јавни предавања и други настани за подигнување на свеста кај правните експерти и други релевантни чинители во однос на сексизмот и родовите стереотипи во правосудниот систем.

II.G. Образовни институции

Сексистичките пораки го обликуваат нашето општество и пониираат во и се репродуцираат од образовните системи, каде што треба да се соочат со предизвикот. Децата и младите ги асимилираат родовите стереотипи преку наставните програми, наставните материјали, однесувањето и јазикот.[14] Сексизмот може да биде вграден во културата на образовните установи на сите нивоа, почнувајќи од предучилишните до терциерните институции. Може да има многу форми и облици, како на пример: толеранција и тривијализација на сексистички слики, јазик и изрази; нетолеранција на несоодветно родово однесување; неупатување на несвесните

[12] „Акциски план на Советот на Европа за зајакнување на судската независност и непристрасност“ (CM(2016)36-finaI), „треба да се преземат сите напори за превенција на родовата стереотипизација во самиот правосуден систем” (Action 2.4); OHCHR, „Елиминирање на судските стереотипи – Еднаков пристап до правда за жените во родово-базираните случаи на насилство“, 9 јуни 2014 г.

[13] Види Совет на Европа (2017), „Прирачник за судии и обвинители во однос на тоа како да се осигура пристапот до правда на жените“, достапен на https://rm.coe.int/training-manual-women -access-to-justice/16808d78c5.

[14] Види заклучоци и препораки од конференцијата на Советот на Европа: „Combating gender stereotypes in and through education“/Борба против стереотипите во и низ образованието/(Хелсинки, 9-10 октомври 2014 г.). Извештајот од конференцијата е достапен на https://rm.coe.int/!680590f0.

предрасуди од страна на вработените и учениците; недостаток на несоодветни жалби и механизми за евидентирање; недостаток на санкции за сексуално вознемирување, вклучително и од други ученици. Овие вградени форми на сексизам може да влијаат врз подоцнежните избори, кариерните и животни избори. Државите, исто така, се одговорни за обезбедувањето на отчетност од страна на приватните институции за нивните активности, и не треба да се прават исклучоци за верско-образовните институции.

Владите на земјите-членки се повикани да ги разгледаат следните мерки:

II.G.1. Целосно спроведување на одредбите од Препораката CM / Rec (2007) 13 на Комитетот на министри до земјите-членки за вклучување на родовите аспекти во главните политики на образованието.

II.G.2. Обезбедување инклузивност на родовата еднаквост, недискриминација и елиминирање на сексизмот и сексистичкото однесување во сите аспекти на образовниот процес, вклучувајќи ги механизмите и насоките за известување, одговарањето и евидентирањето на инциденти.

II.G.3. Спроведување и / или поддршка на кампањите за превенција на сексизмот и сексистичкото однесување во образовните институции и обезбедување на нулта толеранција за таквите феномени, вклучувајќи родови стереотипи и малтретирање/силеџиство, интернет-насилство, сексистички навреди и родово насилство.

II.G.4. Организирање настани, вклучително и преку државните органи, коишто ги опфаќаат прашањата за родова еднаквост и начините за спречување и борба против сексизмот, родовите стереотипи и несвесната родова предрасуда во сите образовни институции.

II.G.5. Интегрирање на перспективата за родова еднаквост во сите аспекти на обуките на наставниците и за време на стажирањето и во работната средина, а воедно и во обуките на училишниот раководен кадар.

Во однос на наставната методологија, алатките и наставните планови:

II.G.6. Изготвување насоки за да се обезбеди интеграција на родовата еднаквост, методологии и алатки за недискриминација и за заштита на човековите права во наставните програми на сите нивоа на образование, јавни и приватни, почнувајќи од раното детство. Ова вклучува едукација за приватниот живот, со цел да ги охрабри децата да бидат самосвесни и да ја зголемат одговорноста во нивните односи и однесувањето - вклучувајќи согласност и поставување лични граници. Наставните програми треба да содржат програми за секс и сексуално образование изготвени во согласност со возраста, базирани на докази и научно веродостојни информации и наменети за девојчиња и момчиња. Наставните програми, исто така, треба да ги опфатат пресечните форми на сексизам, базирани врз, на пример, статусот на мигранти или попреченоста.

II.G.7. Поттикнување на развојот на веб-страница со ресурси, добри практики и материјали за учење / предавање и прирачник за помош во откривањето и елиминирањето на родовите стереотипи во едукативните материјали наменети за обучувачите, наставниците и инспекторите.

II.G.8. Промовирање специјални програми и кариерно советување кои ги поддржуваат учениците во изготвувањето на студија и кариерни избори кои не се засноваат на родови стереотипи, вклучувајќи обука за персоналот во однос на родовите стереотипи и несвесните предрасуди.

II.H. Култура и спорт

Сексизмот се манифестира во многу аспекти на културниот живот, особено преку распространетоста на родовите стереотипи. Според Меѓународниот комитет на Обединетите нации за економски, социјални и културни права, културниот живот ги опфаќа начините на живеење, јазикот, усната и писмената литература, музиката и песната, невербалната комуникација, религијата или верувањето, обредите и церемониите, спортот и игрите, методите на производство или технологија, природните и вештачки средини, храната, облеката и засолништата, уметноста, обичаите и традициите. Уметноста и културата се суштествени обликувачи на ставовите и родовите улоги и затоа е клучно да се упати на сексизмот во овие области. Покрај тоа, според Истанбулската конвенција, културата, религијата, традицијата или обичаите нема да се сметаат за оправдување за актите на насилство врз жените и девојките.

Прашањата што треба да се посочат во спортот вклучуваат: сексистички ставови на медиумите, спортски организации, тренери, спортски лидери, спортисти и сл.; сексистички портрети на жени во спортот, тривијализирање на женските спортски достигнувања преку прикажување на спортистките во стереотипни улоги или понижување на нивните спортови; и сексизам и сексистички говор на омраза во спортски настани.

Владите на земјите-членки се повикуваат да ги разгледаат следните мерки:

II.H.1. Изготвување и промовирање алатки за борба против сексизмот во културниот и спортскиот сектор, како што се материјали за обука или алатки за родово чувствителен јазик и комуникација.

II.H.2. Зацврстување и имплементација на препораките CM / Rec (2015) 2 на Комитетот на министри до земјите-членки за родова интеграција во спортот и CM / Rec (2017) 9 на Комитетот на министри до земјите-членки за родова еднаквост во аудиовизуелниот сектор.

II.H.3. Поттикнување на водечките културни и спортски личности да ги коригираат и исправат сексистичките претпоставки или да го осудат сексистичкиот говор на омраза.

II.H.4. Поттикнување на спортски федерации, здруженија и културни институции на сите нивоа да подготват кодекси на однесување со цел да се спречи сексизмот и сексистичкото однесување што треба да вклучува одредби за дисциплинска постапка. Негување нула толеранција за сексизам и сексистички говор на омраза за време на културни и спортски настани.

II.H.5. Поттикнување на спортските и културни сектори на сите нивоа да преземат конкретни активности за промовирање на родовата еднаквост и не-стереотипно портретирање на жените и мажите, девојчињата и момчињата.

II.H.6. Промовирање на емитување и покриеност од страна на медиумите, особено на јавните медиуми, на женските културни и спортски настани на исто рамниште како и преносот на спортски настани со мажи и јавно прославување на женските достигнувања.[15] Овозможување видливост и промовирање позитивни модели на жени и мажи, девојки и момчиња, кои учествуваат во спортот, каде што се недоволно застапени.

II.I Приватна сфера

Сексизмот во семејството може да придонесе за зајакнување на стереотипните улоги, креирање немоќ кај жените, низок праг на самопочитување и поттикнување на циклусот на насилство врз

[15] Како веб-страницата „This Girl can" (Оваа девојка може), што е славење на активни жени (www.thisgirlcan.co.uk/).

жените и девојките. Исто така може да влијае врз животните и кариерни избори. Иако традиционалните родови улоги во семејството (мажите како хранители, жените посветени во домаќинството) генерално се изменија бидејќи поголем број на жени влегоа во платена работна сила, фактори кои придонесуваат до значителни промени во семејствата и државите и тоа во голема мера. Сексистичкото однесување останува широко распространето во меѓучовечките односи и жените и понатаму продолжуваат да извршуваат многу повеќе неплатена работа во домот отколку мажите.

Член 16 од CEDAW налага државите членки да преземат соодветни мерки за да се обезбеди еднаквост помеѓу жените и мажите во семејството.[16] Врската помеѓу сексизмот и спречувањето на насилството врз жените и девојките ја зајакнува потребата да се преземат соодветни активности во приватната сфера.

Препорачаните мерки погоре, особено оние во однос на јазикот и подигнувањето на свеста, како и оние кои се однесуваат на медиумите, образованието и културата, се особено важни за посочување на сексизмот во приватната сфера.

Сепак, санкциите за сексизмот во семејството се несоодветни, освен доколку однесувањето го достигне прагот на криминалитет како физичко, психолошко или економско насилство врз жените.

Владите на земјите-членки се повикуваат да ги разгледаат следните мерки:

II.I.1. Воведување мерки во врска со помирувањето помеѓу приватниот и работниот живот, вклучувајќи го платеното породилно отсуство и платено отсуство на таткото, платено родителско отсуство за жените и мажите, универзален пристап до квалитетна и прифатлива грижа за децата и други социјални услуги и флексибилни работни договори за жените и мажите. Подобрување на пристапот до услуги за нега на постари лица и други издржувани лица. Организирање кампањи за поттикнување на подеднакво споделување на обврските помеѓу жените и мажите во домаќинството и давањето на грижа.

II.I.2. Промовирање политики и мерки за поддршка на позитивно родителство кои гарантираат еднакви можности за децата без оглед на нивниот пол, статус, способности или семејна состојба. Позитивното родителство се однесува на родителско однесување засновано на најдобрите интереси на детето, и е негувачко, ослободено од родовите стереотипи, поттикнувачко, ненасилно и обезбедува признавање и насочување што вклучува поставување граници за да се овозможи целосен развој на детето.

II.I.3. Воведување мерки и алатки за подобрување на вештините на родителите со цел нивно справување со сајбер сексизмот и интернет порнографијата.

II.I.4. Промовирање обуки за препознавање и упатување на сексизмот и сексистичкото однесување, како дел од професионалните обуки за оние кои се занимаваат со семејството и меѓучовечките односи, на пример, вработените во социјалните служби, вклучувајќи ги центрите за заштита на мајките и згрижувачките центри за заштита на децата.

[16] Дополнително, членот 2.*д* на CEDAW налага државите да ги преземат „сите соодветни мерки за елиминирање на дискриминацијата врз жените од страна на кое било лице, организација или претпријатие".

III. Известување и евалуација

Оваа Препорака бара земјите-членки да го следат напредокот во нејзиното спроведување и да го информираат надлежниот управувачки комитет (и) за преземените мерки и постигнатиот напредок.

Известувањето треба да биде редовно и да вклучува информации за:

- правни и политички рамки, мерки и најдобри практики кои се однесуваат на сексизмот, сексистичкото однесување, родовото стереотипизирање и говорот на сексистичка омраза, особено на јавни места, интернетот и медиумите, работното место, јавниот сектор, правосудниот сектор, образованието, спортските и културни сектори како и во приватната сфера, вклучувајќи алатки за пријавување на сексистичкото однесување, како и дисциплински постапки и санкции;
- секоја сеопфатна политика или политика во рамките на националната стратегија за родова еднаквост, усвоена за отстранување на сексизмот и сексистичкото однесување, вклучувајќи ги и дефинициите, индикаторите, механизмите за национален мониторинг и евалуација;
- работата на кое било координативно тело формирано или назначено за следење на спроведувањето и имплементацијата на национално ниво;
- истражувања преземени и поддржани со цел да обезбедат податоци за појавата и последиците од сексизмот и сексистичкото однесување во целните области, како и резултатите/исходите од секое такво истражување;
- националните мерки за подигнување на свеста и кампањите преземени на сите нивоа, вклучително и на медиумите преку кои истите биле спроведени.